**2011015371**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 61, став (3) и член 80 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/2007), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИТЕ УСЛОВИ И ПОСТАПКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА КАРАНТИНОТ, ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИТЕ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА КАРАНТИНОТ, КАКО И ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА КАРАНТИНОТ, ЗА ОБЈЕКТИТЕ ЗА ИЗОЛАЦИЈА И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ИСТАТА ЗА РАЗЛИЧНИ ЖИВОТИНСКИ ВИДОВИ И КАТЕГОРИИ, ВРЕМЕТРАЕЊЕТО ЗА НАБЉУДУВАЊЕ И ЗА ИСПИТУВАЊАТА КОИ ТРЕБА ДА БИДАТ НАПРАВЕНИ

Член 1

Во Правилникот за техничко-технолошките услови и постапката за одобрување на карантинот, техничко-технолошките услови кои треба да ги исполнува карантинот, како и времетраењето на карантинот, за објектите за изолација и времетраење на истата за различни животински видови и категории, времетраењето за набљудување и за испитувањата кои треба да бидат направени („Службен весник на Република Македонија" бр. 88/10 и 113/10), во членот 35, точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите:

„освен одредбите од членовите 3, 4, 5 и 6 во делот за животни од аквакултура и членовите 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32 и 33, кои ќе отпочнат да се применуваат од 1 јули 2011 година."

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-55/3
3 февруари 2011 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски,** с.р.